Врз основа на член 11,член 30 став 3 и став 5 ,член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија “ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16,11/18, 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ,начинот на поднесување на пријавата за унапредување ,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто ,како и начинот на нивно бидрање и максималниот број на бодови од постапката на селекција ,во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија “бр.11/15)и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ,начинот на поднесување на пријавата за унапредување ,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто ,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција,во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен Весник на Република Македонија “ бр.35/18), Општина Ресен објавува :

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.3**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОПШТИНА РЕСЕН**

Се објавува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место :

1. **УПР 01 01 Б02 000** *Раководител на сектор за урбанизам,комунални работи,локален економски развој и прекугранична соработка ,Сектор за урбанизам,комунални работи,локален економски развој и прекугранична соработка -**1 извршител***

**Општи услови :**

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија ,дејност или должност

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,Научно подрачје :Инженерство и технологија ,Научно поле : Градежништво
- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор ,односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

**Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на европската унија (англиски,француски,германски);
-потврда за положен испит за административно управување
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

**Распоред на работно време**

- \- Работни денови понеделник-петок
- \- Работни часови неделно 40
- \- Работно време од 08:00 до 16:00

Паричен нето износ на плата: 49. 019 денари

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Општина Ресен, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и во актот за систематизација како и:

-да е оценет со оцена „А" или „Б“ при последното оценување,

-да е на работно место непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас ,

-да поминал најмалку две години на тековното работно место и

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатот е потребно да поднесе пријава за унапредување на административен службеник која е објавена на интернет страницата на Општина Ресен и на интернет страницата на Агенцијата за администрација .

Кандидатот е потребно пополнетата пријава заедно со доказите содржани во пријавата да ги достави до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси liljana.prculovski@resen.gov.mk, и пополнета пријава заедно со доказите во пријавата преку архивата на Општина Ресен да ги достави до Одделението за управување со човечки ресурси.

Кандидатот ,пријавата со потребните документи да ја достави во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на web страната на Општина Ресен .

Кон пријавата кандидатот може да приложи :

-потврди од успешно реализирани обуки и/или обуки како посетител на обука;

-потврда за успешно реализирано менторство (како ментор илиментoриран административен службеник)

Ненавремена,нецелосна и неуредно пополнета пријава ,нема да биде предмет на разгледување .

Во пријавата кандидатите се должни под морална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни ,а доставените докази се верни на оргиналот .

**НАПОМЕНА** : Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас .

Овој интерен оглас се објавува истовремено на web страната на Општина Ресен и на web страната на Агенцијата за администрација .

**Секретар на Општина Ресен**

Зоран Кипревски